Врз основа на член 50 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/20),Градоначалникот на Општина Свети Николе упатува

**ЈАВЕН ПОВИК**

до граѓаните на Општина Свети Николе дека се става на јавен увид и проверка **Нацрт ДУП за дел од УЕ 4, Блок 12, плански опфат 12.3 К.О.Свети Николе, Општина Свети Николе** со тех. бр. 3794 од септември 2021, изработен од ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ Кавадарци, со површина 9.83 ха .

Учество во јавната презентација и јавна анкета можат да земат сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот, подрачјата соседни на планскиот опфат, широката јавност, претставници на стручната јавност, претставници на органите на државната управа, претставници на единиците на локалната самоуправа, стручни лица од невладините организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот плански опфат.

**Границата** на опфатот е дефинирана:

- на **источната** страна, границата на планскиот опфат минува по оската на улицата „Ангел Трајчев“.

- на **јужната** страна, границата на планскиот опфат се движи по оската на улицата „Септемвриска“.

- на **западна** страна, границата на планскиот опфат започнува да се движи по оската на улицата „Крсте Мисирков“.



*Плански опфат*

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА**

по Нацрт ДУП за дел од УЕ 4, Блок 12, плански опфат 12.3 К.О.Свети Николе, Општина Свети Николе ќе се одржи на ден **05.11.2021 год. во 12:30 часот,** во просториите на општина Свети Николе.

**ЈАВНА АНКЕТА**

по Нацрт ДУП за дел од УЕ 4, Блок 12, плански опфат 12.3 К.О.Свети Николе, Општина Свети Николе ќе се спроведе во периодот **од 13.10.2021 год. до 11.11.2021 год.** во кој рок учесниците во јавната анкета можат своите забелешки и предлози по нацрт планот да ги доставуват во писмена форма преку анкетни листови секој работен ден од **07:30** до **15:30** часот, преку информацискиот систем е-урбанизам, како и по електронски пат до веб адресата. Графичкиот прилог од Нацрт ДУП-от ќе биде изложен на огласна табла пред влезот на зградата на Општина Свети Николе, на веб страната на општината www.svetinikole.gov.mk , а подетални информации во врска со урбанистичкиот план ќе можат да се добијат во одделението за урбанизам, заштита на животна средина и отуѓување на градежно земјиште кое се наоѓа во општинската зграда.

бр. 1002-163/9
28.09.2021

**Општина Свети Николе**
ГРАДОНАЧАЛНИК

м-р Сашо Велковски